Уп. бр. 08-57

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвото Хамбургер Рисајклинг Груп ГмбХ со регистрирано седиште на Аспангер Штрасе 252, 2823 Питен, Австрија преку адвокатско друштво Апостолска и Партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 17.07.2019 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која Хамбургер Рисајклинг Груп ГмбХ со регистрирано седиште на Аспангер Штрасе 252, 2823 Питен, Австрија стекнува целосна контрола над 3 К.Ф. д.о.о. со регистрирано седиште на ул. II. Каналски пут VI одвојак 5, Загреб, Република Хрватска, преку купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 29.05.2019 година, а дополнето на ден 10.06.2019 година и 25.06.2019 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), прими

известување за концентрација од Хамбургер Рисајклинг Груп ГмбХ со регистрирано седиште на Аспангер Штрасе 252, 2823 Питен, Австрија, со која Хамбургер Рисајклинг Груп ГмбХ, има намера преку стекнување на удели да стекне целосна контрола над 3 К.Ф. д.о.о, со регистрирано седиште на ул. II. Каналски пут VI одвојак 5, Загреб, Република Хрватска.

Предметната трансакција претставува концентрација во смисла на член 12 став (1) точка 2) од Законот.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, прилозите кон истото и дополнувањето го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

- Хамбургер Рисајклинг Груп ГмбХ е холдинг компанија во целосна сопственост на Принжорн Холдинг ГмбХ, со регистрирано седиште на адреса 1230 Виена, Лембокгасе 21-25, Австрија и е друштво кое е 100% во соптвеност на Томас Принжорн Приватштифунг, приватна компанија со седиште на 8862 Штадл ан дер Мур, Штадл ан дер Мур 18, Австрија.

Принжорн Холдинг ГмбХ се состои од три деловни оддели:

- Оддел за рециклирање предводен од страна на Хамбургер Рисајклинг Груп ГмбХ;
- Оддел за картонажа предводен од В.Хамбургер ГмбХ и
- Оддел за пакување предводен од Мосбургер ГмбХ.

Претежна дејност на Хамбургер Рисајклинг Груп Гмбх е собирање, третман и препродажба на отпад, особено отпад од хартија.

Хамбургер Рисајклинг Груп Гмбх нема регистрирано присуство (регистрирано друштво/подружница) во Република Северна Македонија и е присутно на македонскиот пазар на собирање, третман и препродажба (заеднички: рециклирање) на (неопасен) отпад, само во незначителен обем.

- 3 К.Ф. д.о.о. е приватна компанија со приоритетна дејност: собирање, отстранување и преработување на сите видови на неопасен отпад. 3 К.Ф. д.о.о. врши купопродажба на неопасен отпад и собирање/сортирање на отпад од пакување, при што врши сортирање и балирање на собраниот отпад. Примарна дејност му е собирање, преработка и препродажба на отпад од хартија и во незначителен обем собирање, преработка и препродажба (трговија и превоз) на отпад од пластика, стакло и дрво. 3 К.Ф д.о.о. собира отпад од хартија директно од физички лица, приватни фирми, институции и фабрики. Доминатно е активна во Република Хрватска.

3 К.Ф. д.о.о. нема регистрирани друштва, подружници, претставништва или било какво друго присуство регистрирано во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (2) и од член 14 став (1) точка 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Д-р Владимир Наумовски**